**ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ 2**

**ПРАШАЊА**

Почитувани,

Откако внимателно ја разгледавме тендерската документација во врска со ЈАВНИОТ ПОВИК бр. 01-144/2025 - за прибирање понуди за набавка на масло за горење - мазут М1, и во врска со дадениот образец на понуда и моделот на Договорот за набавка на стоки, би сакале да се осврнеме на следново:

1. Недостаток на реципроцитет

Според точка 22 од тендерската документација, од понудувачите се очекува да достават банкарска гаранција за учество, во вкупен износ од 4.500.000 денари. Исто така, според точка 23 од тендерската документација и член 8 од моделот на договорот, Продавачот е должен да обезбеди **банкарска гаранција за добро извршување на договорот** во вкупен износ од 9.000.000 денари. Понатаму, моделот на договорот, во својот член 12, предвидува договорна казна во износ од 0,1% од вредноста на неиспорачаниот производ за секој ден доцнење.

За возврат, видно од моделот на договор, не постои обврска за обезбедување банкарска гаранција од страна на Купувачот, која ќе ги обезбеди плаќањата кон Продавачот и ќе го оправда одложеното плаќање кое се бара од Продавачот. Сметаме дека Купувачот мора или да обезбеди банкарска гаранција, која би послужила како обезбедување за финансиските обврски на Купувачот и како обезбедување дека сите договорени количини ќе бидат купени од Продавачот, или да се променат условите на Договорот и да се предвиди дека моделот на плаќање ќе биде авансно плаќање.

2. Обезбедување на достапност на производот

Во корелација со горенаведеното, тендерската документација и моделот на договор не предвидуваат точен или барем приближен/очекуван динамичен план, т.е. план со приближни периодични (по можност, месечни) количини што треба да ги нарача Купувачот, туку предвидуваат соработка врз основа на дневни нарачки. Понатаму, не постои обврска или гаранција дека Купувачот ќе ги купи предвидените количини од производот во разумен рок од почетокот на Договорот, со оглед на тоа што Договорот нема да биде потпишан за одреден временски период, туку за период до исцрпување на договорената/одобрената количина. Како што можеби добро знаете, мазутот е многу специфичен производ, кој не е предмет на малопродажба на бензински пумпи, туку само на барање од крајни корисници. Ова подразбира дека продавачот треба да го направи производот достапен пред секоја нарачка, врз основа на потпишан договор со својот добавувач, кој за возврат треба да го направи производот достапен за испорака до продавачот од своите добавувачи. Затоа, сценариото според кое продавачот нема однапред да биде запознаен со потребите на клиентот, претставува пречка за организирање на достапноста на бараната количина. За да се надмине овој проблем, предлагаме една од следните две опции: а) да се обезбеди динамичен план како додаток на Договорот, кој ќе го опфаќа целото времетраење на Договорот сè додека не се исцрпи договорениот/одобрениот износ или б) да се измени Договорот со вклучување обврска Купувачот да му обезбеди на Продавачот месечен план за испорака, најдоцна во одреден период (на пр. 10 дена) пред почетокот на месецот. Таквото решение би било од интерес за двете страни, за Купувачот ќе значи обезбедување на навремена испорака на

производот, а за Продавачот ќе значи избегнување на негативни последици поради недостаток на достапност на производот кај нарачките со краток период на нарачка.

3. Логистички ограничувања што произлегуваат од наметнатите услови

Обезбедувањето динамичен план/план за испорака, исто така, би ги олеснило логистичките ограничувања со кои може да се соочи добавувачот со оглед на моменталната поставеност на односите, предвидена во тендерската документација и модел договорот. Испораката на големи количини на мазут бара успешен и непрекинат транспортен циклус на голем број камиони (постапките за товарење, царинење и истовар треба успешно да се повторуваат секој ден). Во овој поглед, треба да се земе предвид и неодамнешната измена на Законот за енергетика, објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/25, а поконкретно имплементацијата на член 252 став 4. Имено, според оваа одредба, увозникот е должен да ги истовари количините на нафтени производи во неговиот склад, пред производот повторно да се натовари и испрати до купувачот. Ова бара не само планирање од аспект на достапноста на складишен простор, туку и планирање од аспект на достапност на цистерни, како за испорака до резервоарите за складирање на продавачот во Склад (пред истовар), така и за испорака од резервоарите за складирање на продавачот до купувачот. Со оглед на наведеното, изразуваме длабока загриженост во врска со сериозните логистички ограничувања за доследно почитување на моментално предвидените услови за испорака.

4. Опсег на релативна густина

Според член 9 од модел договорот и Прилог 5 кон истиот, Продавачот гарантира дека производот го задоволува квалитетот пропишан според македонскиот стандард МКС.Б. Х2.430. Меѓутоа, при наведувањето на конкретните потребни карактеристики во истиот член, предвидено е барање релативната густина на 15 степени Целзиусови, $kg/dm^3$ да биде во рамките на границата од 0,950-0,980. Споменатиот македонски стандард нема такво барање за релативна густина, што го прави ова барање спротивно на стандардот. Затоа, бараме појаснување зошто е вклучено ова барање поврзано со релативната густина и дали производ што го исполнува стандардот, но е надвор од границите на релативната густина, би се сметал за прифатлив или не. Понатаму, дали има простор за изоставување или измена на оваа алинеја од член 9.

* * *

Со оглед на горенаведеното, а како претходен услов за одлуката дали ќе учествуваме на тендерот со својата понуда, го поднесуваме ова барање за појаснување дали условите утврдени во моделот на договор, а особено оние споменати погоре, можат да бидат предмет на преговори и измени.

Понатаму, доколку условите можат да бидат предмет на преговори и измени, предлагаме рокот за поднесување понуди да се продолжи, така што во меѓувреме вие и секој понудувач кој сака да предложи измени, ќе можете да се усогласите за конечна верзија на Договорот која би се потпишала доколку соодветната понуда на понудувачот биде избрана за најповолна. Во спротивно, понудувачите ризикуваат активирање на банкарската гаранција за учество, доколку одбивањето да се потпише Договорот произлегува исклучиво од неприфатливите услови.

Ви стоиме на располагање да ги разгледаме сите критични елементи на овој проект со цел да го олесниме неговото потенцијално спроведување.

**ОДГОВОРИ:**

Почитувани,

Ви благодариме за интересот и за поставените прашања кои ги разгледавме со големо внимание и на кои во продолжение Ви ги проследуваме нашите одговори:

**1. Недостаток на реципроцитет**

Купувачот АД ЕСМ –Скопје не го прифаќа предлогот за измени во ТД во поглед на :
- "доставување банкарска гаранција која би послужила како обезбедување за финансиските обврски на Купувачот и како обезбедување дека сите договорени количини ќе бидат купени од Продавачот, или да се променат условите на Договорот и да се предвиди дека моделот на плаќање ќе биде авансно плаќање".

**2. Обезбедување на достапност на производот.**

Бидејќи потрошувачката на мазут зависи од повеќе фактори кои во најголем дел се непредвидливи Купувачот АД ЕСМ –Скопје не го прифаќа предлогот за измени во ТД во поглед на: "а) да се обезбеди динамичен план како додаток на Договорот, кој ќе го опфаќа целото времетраење на Договорот сè додека не се исцрпи договорениот/одобрениот износ или б) да се измени Договорот со вклучување обврска Купувачот да му обезбеди на Продавачот месечен план за испорака, најдоцна во одреден период (на пр. 10 дена) пред почетокот на месецот".

**3. Логистички ограничувања што произлегуваат од наметнатите услови**

Имаме разбирање за вашата загриженост околу логистичките ограничувања, но на оваа дилема веќе одговоривме – во претходното прашање/одговор.

**4. Опсег на релативна густина**

Цитираниот стандард МКС.Б.Х2.430 се замнува со нов: МКС 1003:2022.
Во секој случај, продавачот ќе биде обврзан да испорачува мазут согласно релевантната регулатива кој ќе биде важечка во моментот на испорака.
Купувачот нема да бара карактеристики (вклучително и релативната густина на 15 степени целзиусови) кои не се содржани во стандардот или се спротивни на стандардот.

* * *

Се надеваме дека нашите одговори ќе помогнат да донесете одлука да доставите понуда .
Моделот на договор во неговиот суштински дел нема да биде предмет на преговори. Истиот ќе се измени/допрецизира само во делот на повикување на законска/подзаконска регулатива која е сега применлива.
Не сме во состојба да прифатиме пролонгирање на рокот за доставување понуди.

Со почит,

Комисија за јавни набавки